55711



МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

# Баге сѿремен со конкурсоѿ за нови qирекѿори



*Чека да биде сменеѿ: в.д. Емил Алексиев*

**■ И за Музејот на современа уметност на Кале се чека ДУИ да си најде кадар**

Министерот за култура Благој Стефановски дал налог да се распише нов конкурс за директоруите кои во претходново именување ги назначи за в.д. нивниот рок е шест месеци, но министерот ни рече дека не би го чекал тој рок затоа што и неколјкуте институции на кои се чекаше да ги доработат статутите се готови.

Со в.д. директори се Драмски театар, Националната галерија - Даут пашин амам, Албански театар, Центарот за култура во Куманово, Музејот за современа уметност во Скопје.

Центарот за култура во Куманово и МСУ во Скопје останаа со в.д. директори затоа што нив ги побара ДУИ за да стави свој кадар директори.Затоа во Музејот за современа уметност в.д. е Емил Алексиев кој практично ставен е да чека ДУИ да суи најде директор. Дознаваме дека на Алексиев му било понудено да му биде уметнички директор на директорот од ДУИ, ама Алексиев не бил расположен тоа да го прими, само сугерирал и кај министерот за култура дека директорот на МСУ од која и да е партија, бидејќи се бира партиски, барем да ги има квалификациите за директор на национална и важна стратешка институција каква што е Музејот за современа уметност.

Ова особено затоа што МСУ се наоѓа на Кале и што има стратешко значење и по бункерите што се под него каде се наоѓа огромната збирка на вредни уметнички дела. Министерот за култура со изјава барем за јавноста дека тој не гледа по националност туку ќе одлучува по вредност на кандидатот. **(Ц.З.)**